ЈАВНО ПРЕТПРИЈАТИЕ
NDËRMARJA PUBLIKE
ВОДОВОД И КАНАЛИЗАЦИЈА
UJËSJELLËSI DHE KANALIZIMI
Број, Numer 0401-7552/15
Дата, Data 09-10-2020
СКОПЈЕ - SHKUP

Врз основа на член 21 од Законот за работни односи, член 37-м од Законот за јавни претпријатија, член 33 од Правилникот за формата и содржината на јавниот оглас за вработување и интерниот оглас за унапредување, начинот на поднесување на пријавата за вработување и унапредување, начинот на спроведување на селекцијата за вработување и за унапредување како и начинот на бодирањето за давателите на јавните услуги и член 31 став 1 точка 9 од Статутот на ЈП Водовод и канализација – Скопје, а врз основа на Јавнот оглас бр.4/2020 година за вработување на даватели на јавни услуги во областа на комуналните дејности и на други дејности заради кои се основани јавните претпријатија од групата III и подгрупа V во ЈП Вопдовод и канализација – Скопје на неопределено време објавен во дневните весници Нова Македонија, Коха и Слободен печат, директорот на претпријатието донесе

**О Д Л У К А**
за избор на кандидат за склучување
Договор за вработување на неопределено време

**Член 1**

Од пријавените кандидати по Јавниот оглас објавен во дневните весници „Нова Македонија“, „Коха“ и Слободен печат на ден 25.09.2020 година, за засновање на работен однос на 1 (еден) извршител на работно место КДР0305Б03005- Возач на специјало возило во Оддел за експлоатација на специјални возила и градежни машини, Одделение за експлоатација на возниот парк во Сектор Механизација, се избира кандидатот:

**1.Давор Марковиќ**

**Член 2**

Изборот меѓу пријавените кандидати е извршен во согласност со Правилникот за систематизација на работните места во ЈП Водовод и канализација – Скопје, Записникот од спроведената административна селекција од страна на Комисијата за селекција на кандидати арх. Бр.0302-7552/9 од 02.10.2020 година, и Записникот од извршената селекција од страна на Комисијата за селекција на кандидати арх.бр.0401-7552/12 од 08.10.2020 година, по Јавен оглас бр.4/2020 за вработување на даватели на јавни услуги во областа на комуналните дејности и на други дејности заради кои се основани јавните претпријатија од групата III и подгрупа V во ЈП Водовод и канализација - Скопје на неопределено време.

**Член 3**

Избраниот кандидат ќе заснова работен однос на ден 16.10.2020 година со потпишување на Договор за вработување помеѓу работникот и работодавачот.

**Член 4**

Одлуката за избор да се достави до кандидатите кои аплицирале на јавниот оглас и да се објави на интернет страницата и огласната табла на претпријатието.

**Член 5**

За спроведување на одлуката се задолжува Сектор Човечки ресурси.

## О б р а з л о ж е н и е

Со одлуката арх.бр.0401-7552/1 од 24.09.2020 година донесена од директорот на ЈП Водовод и канализација – Скопје распишан е Јавен оглас бр.04/2020 за прием на даватели на јавна услуга на неопределено време за работно место КДР0305Б03051 Возач на специјално возило во Оддел за експлоатација на специјални возила и градежни машини во Одделение за експлоатација на возниот парк во Сектор Механизација за 1 (еден) извршител.

Јавниот оглас бр.04/2020 беше објавен на ден 25.09.2020 година во дневните весници Нова Македонија, Коха и Слободен печат.

На јавниот оглас аплицирал 1 (еден) кандидат.

Комисијата за селекција на кандидати по јавниот оглас бр.04/2020 за вработување на даватели на јавна услуга на неопределено време на ден 02.10.2020 година изврши административна селекција на документите од кандидат кој аплицирал, при што констатира дека апликацијата е уредна.

За извршената административна селекција изготвен е Записник со арх.бр.0401-7552/9 од 02.10.2020 година.

По спроведено интервју со кандидатот кој ги исполнува условите предвидени со јавниот оглас, комисијата за селекција на кандидати изготви Записник арх.бр.0401-7552/12 од 08.10.2020 година со конечна ранг листа со име и презиме на кандидати со освоени вкупно бодови од сите фази на селекција и му предложи на директорот, согласно член 21 од Законот за работни односи, член 37-м од Законот за јавни претпријатија и Правилникот за формата и содржината на јавниот оглас за вработување и интерниот оглас за унапредување, начинот на поднесување на пријавата за вработување и унапредување, начинот на спроведување на селекцијата за вработување и за унапредување како и начинот на бодирањето за давателите на јавните услуги, а врз основа на Јавниот оглас бр.4/2020 за вработување на даватели на јавни услуги во областа на комуналните дејност и на други дејности заради кои се основани јавните претпријатија од група III и подгрупа 5 во ЈП Водовод и канализација -Скопје на неопределено време објавен на ден 25.09.2020 година во дневните весници Нова Македонија, Коха и Слободен Печат, да донесе одлука со која ќе го избере кандидатот Давор Марковски.

Врз основа на горенаведеното, се донесе одлука како во диспозитивот.

Правна поука: Против оваа Одлука незадоволниот кандидат има право на жалба до Управниот одбор на ЈП Водовод и канализација- Скопје, во рок од 8 (осум) дена од денот на приемот на одлуката.

ДОСТАВЕНО ДО
- Кандидатите
- Сектор Човечки ресурси x 2
- Архива на директор
- Архива

ЈП Водовод и канализација -Скопје
Директор,
м-р Душко Весковски